**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ

ПРВ КВАРТАЛ, 2024 ГОДИНА

АПРИЛ 2024 ГОДИНА

## Содржина

1. Резиме на резултатите ....................................................................2

2. Кредити на претпријатијата ..............................................................2

2.1 Услови за кредитирање.....................................................................2

2.2 Побарувачка на кредити....................................................................6

3. Кредити на домаќинствата ................................................................9

3.1 Услови за кредитирање.....................................................................9

3.2 Побарувачка на кредити..................................................................13

4. Резултати од поединечните прашања ..............................................17

4.1 Кредити на претпријатијата .............................................................17

4.2 Кредити на домаќинствата ..............................................................23

# 1. Резиме на резултатите[1]

*Кредити на претпријатијата*

- Кредитна политика: нето-заострување на вкупните кредитни услови, посилно во однос на претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката, посилно во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2024 година: мало нето-заострување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

*Кредити на домаќинствата*

- Кредитна политика: незначително нето-заострување на вкупните кредитни услови, поумерено во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-намалување на побарувачката, поумерено во споредба со претходната анкета.

- Очекувања за вториот квартал на 2024 година: нето-олеснување на кредитните услови, при нето-зголемување на побарувачката на кредитите на домаќинствата.

# 2. Кредити на претпријатијата

## 2.1 Услови за кредитирање

Во првиот квартал на 2024 година, Анкетата укажува на посилно нето-заострување на вкупните услови за одобрување корпоративни кредити, во споредба со претходниот квартал. Сепак, голем процент од банките (околу 81%) укажуваат на непроменети кредитни услови. Нето-заострувањето на условите за кредитирање на претпријатијата во првиот квартал не е во согласност со очекувањата за нето-олеснување, дадени од банките во претходната анкета. За вториот квартал од 2024 година, се очекува мало нето-заострување на кредитните услови за одобрување корпоративни кредити.

[1] Со Анкетата се опфатени 12 банки и сите банки доставија одговори. Методологијата на Анкетата за кредитната активност е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност

Графикон 1
Услови за кредитирање при одобрување заеми или кредитни линии на претпријатијата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор.

Анализирано од аспект на поединечните услови за кредитирање на претпријатијата, во првиот квартал на годината банките укажуваат дека кај каматната стапка се забележува мало нето-олеснување, при нето-заострување кај големината на заемот или на кредитната линија и барањата за обезбедување. Кај условите „некаматни приходи" и „достасување на заемите" не се забележува промена во однос на претходната анкета.

Графикон 2

Промена на поединечните услови за кредитирање на корпоративниот сектор
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени" и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети". Позитивниот нето-процент укажува на дестимулативно влијание на конкретниот услов при кредитирањето на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на стимулативно влијание на конкретниот услов при кредитирањето на корпоративниот сектор.

Од аспект на факторите од групата „трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба" коишто делуваат врз условите за одобрување корпоративни кредити, кај факторот „трошоци поврзани со капиталната позиција на банката" се забележува нето-заострување на условите, за разлика од нето-олеснувањето во претходниот квартал. Исто така, факторот „ризик од неизвршување на обезбедувањето" од групата „согледување на ризикот" придонесува за нето-заострување. Останатите фактори придонесуваат за нето-олеснување на кредитните услови.

Графикон 3
Фактори коишто предизвикуваат промена на условите за кредитирање на корпоративниот сектор (нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање). Позитивниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон заострување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон олеснување на условите за кредитирање на корпоративниот сектор.

Од аспект на влијанието на монетарната политика врз условите за кредитирање на корпоративниот сектор во првиот квартал од годината, околу 39% од банките укажуваат дека промените во монетарната политика влијаеле делумно врз нивната каматна политика (47% во претходниот квартал), додека 48% од банките укажуваат на нејзиното незначително влијание врз нивната каматна политика (38% во претходната анкета). Во оваа анкета, 1% од банките одговориле дека монетарната политика значително влијаела врз условите за кредитирање на корпоративниот сектор (2% претходната анкета) и околу 12% од банките одговориле дека промените во монетарната политика не влијаеле врз нивната каматна политика (13% во претходната анкета).

Графикон 4
Влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика при одобрувањето кредити на корпоративниот сектор




## 2.2 Побарувачка на кредити

Во првиот квартал на 2023 година, Анкетата укажува на посилно нето-намалување на побарувачката на корпоративните кредити, во споредба со претходниот квартал. Нето-намалувањето на побарувачката во првиот квартал не е во согласност со очекувањата за нето-зголемување, наведени во претходната анкета. За вториот квартал од 2024 година, банките очекуваат нето-зголемување на кредитната побарувачка од страна на претпријатијата.

Графикон 5
Промена на побарувачката на кредитите од страна на претпријатијата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена“ и „делумно е зголемена“ и збирот на процентите „делумно е намалена“ и „значително е намалена“. Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на кредити, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на кредити.

Анализирано од аспект на факторите коишто влијаат врз побарувачката на корпоративните кредити, во групата на факторите поврзани со употребата на алтернативно финансирање, заемите од останатите банки се клучен фактор којшто придонесува за нето-намалување на кредитната побарувачка. Од друга страна, сите фактори во групата „потреби од финансирање“ придонесуваат кон мало нето-зголемување на побарувачката на корпоративните кредити.

Графикон 6
Фактори коишто предизвикуваат промена на побарувачката на кредитите на корпоративниот сектор (нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон зголемување на побарувачката на кредитите на корпоративниот сектор, додека негативниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон намалување на побарувачката на кредитите на корпоративниот сектор.

# 3. Кредити на домаќинствата

## 3.1 Услови за кредитирање

Во текот на првиот квартал од 2024 година, банките укажуваат на незначително нето-заострување на вкупните кредитни услови кај домаќинствата, поумерено во споредба со претходниот квартал. Нето-заострувањето на кредитните услови во првиот квартал отстапува од очекувањата на банките дадени во претходната анкета за умерено нето-олеснување на условите. За вториот квартал од 2024 година, банките очекуваат нето-олеснување на кредитните услови кај вкупните кредити на домаќинствата.

Графикон 7
Услови за кредитирање при одобрувањето кредити на домаќинствата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени“ и „делумно се заострени“ и збирот на процентите „делумно се олеснети“ и „значително се олеснети“. Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на домаќинствата.

Анализирано од аспект на поединечните кредитни услови, се забележува нето-олеснување кај каматните стапки на станбените и потрошувачките кредити. Кај станбените кредити, обврските за обезбедување и покриеноста на кредитот со обезбедување забележуваат умерено нето-олеснување за разлика од нето-заострувањето во минатата анкета, при натамошно нето-олеснување кај провизиите, но послабо во споредба со претходната анкета, додека кај достасувањето на заемите не се забележува промена. Кај потрошувачките кредити, достасувањата на заемите и некаматните приходи бележат натамошно мало нето-олеснување, при мало нето-олеснување и кај условот „обврски за обезбедување“, којшто во претходната анкета забележа мало нето-заострување.

Графикон 8
Поединечни кредитни услови при одобрување станбени кредити
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени“ и „делумно се заострени“ и збирот на процентите „делумно се олеснети“ и „значително се олеснети“. Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за одобрување станбени кредити на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за одобрување станбени кредити на домаќинствата.

Графикон 9
Поединечни кредитни услови при одобрување потрошувачки кредити
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени“ и „делумно се заострени“ и збирот на процентите „делумно се олеснети“ и „значително се олеснети“. Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за одобрување потрошувачки кредити на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за одобрување потрошувачки кредити на домаќинствата.

Во однос на факторите коишто предизвикуваат промена на условите за одобрување кај кредитите на домаќинствата, банките укажуваат дека конкуренцијата од другите банки и натаму е главниот фактор којшто придонесува за нето-олеснување на кредитните услови кај станбените и кај потрошувачките кредити, но послабо во споредба со претходната анкета. Трошоците на финансиските средства и ограничувањата на билансот на состојба придонесуваат за нето-олеснување кај станбените и потрошувачките кредити, за разлика од нето-заострувањето во претходната анкета. Од факторите од групата „согледување на ризикот“, кај сите фактори се забележува нето-олеснување на условите кај станбените кредити и нето-заострување на условите кај потрошувачките кредити, за разлика од нето-заострувањето на кредитните услови кај двата типа кредити во претходната анкета.

Графикон 10
Фактори коишто предизвикуваат промена на условите за одобрување на станбените и потрошувачките кредити
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--“ (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-“ (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+“ (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++“ (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање). Позитивниот нето-процент укажува на заострување на условите за кредитирање на домаќинствата, додека негативниот нето-процент укажува на олеснување на условите за кредитирање на домаќинствата.

Од аспект на влијанието на промените на монетарната политика врз каматната политика на банките при одобрувањето кредити на домаќинствата, најголемиот дел од банките (околу 52%) укажале дека промените во монетарната политика делумно влијаеле врз нивната каматна политика (23% во претходната анкета). Истовремено, околу 33% од банките одговориле дека промените во монетарната политика не влијаеле врз каматната политика на банките (околу 42% во претходната анкета). Околу 15% од банките укажале дека промените во монетарната политика незначително влијаеле врз нивната каматна политика во овој период (9% во претходната анкета).

Графикон 11
Влијание на промените на монетарната политика врз каматната политика при одобрувањето кредити на домаќинствата




## 1.1 Побарувачка на кредити

Во првиот квартал на 2024 година, Анкетата укажува на поумерено нето-намалување на побарувачката на вкупните кредити на секторот „домаќинства", во споредба со претходниот квартал. Нето-намалувањето на побарувачката на вкупните кредити на домаќинствата во овој квартал отстапува од очекувањата за нето-зголемување на побарувачката, дадени од страна на банките во претходната анкета. Во вториот квартал од 2024 година, банките повторно очекуваат нето-зголемување на побарувачката на вкупните кредити од страна на домаќинствата, поголемо во однос на претходната анкета.

Графикон 12
Промена на побарувачката на кредитите од страна на домаќинствата
(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена". Позитивниот нето-процент укажува на зголемување на побарувачката на кредитите, додека негативниот нето-процент укажува на намалување на побарувачката на кредитите.

Фактори коишто придонесуваат за нето-намалување на побарувачката на станбените кредити се кредитите од останатите банки и останатите извори на финансирање. Што се однесува до останатите фактори, односно перспективите на пазарот за станбена изградба, довербата на потрошувачите, трошоците на потрошувачите коишто не се поврзани со домувањето и заштедите на домаќинствата, тие придонесуваат за мало нето-зголемување на кредитната побарувачка.

Графикон 13
Факторите коишто предизвикуваат промена кај побарувачката на станбените кредити (нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++“ (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+“ (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-“ (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--“ (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон зголемување на побарувачката на станбени кредити, додека негативниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон намалување на побарувачката на станбени кредити.

Од факторите коишто делуваат врз побарувачката на потрошувачките кредити, факторите „заштеди на домаќинствата“, „кредити од останатите банки“ и „останати извори на финансирање“ придонесуваат за нето-намалување на побарувачката на потрошувачките кредити, додека факторите „трошоци за трајни добра“ и „доверба на потрошувачите“ придонесуваат за нето-зголемување на побарувачката.

Графикон 14

Фактори коишто предизвикуваат промена кај побарувачката на потрошувачките и останатите кредити

(нето-процент*)




* Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+" (делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката). Позитивниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон зголемување на побарувачката на потрошувачките и останатите кредити, додека негативниот нето-процент укажува на придонес на факторот кон намалување на побарувачката на потрошувачките и останатите кредити.

**ПРИЛОГ 1**[2]

# 2. Резултати од поединечните прашања

## 2.1 Кредити на претпријатијата

1. Како се променети условите за кредитирање на Вашата банка,
од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци?

| | Вкупно | | Кредити на малите и средните претпријатија | | Кредити на големите претпријатија | | Краткорочни кредити | | Долгорочни кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** |
| **Значително се заострени** | | | | | | | | | | |
| **Делумно се заострени** | 2,7 | 18,9 | 2,7 | 18,9 | 2,7 | 18,9 | 2,7 | 18,9 | 2,7 | 18,9 |
| **Во основа останаа непроменети** | 97,3 | 81,1 | 96,9 | 80,7 | 97,3 | 81,1 | 96,9 | 80,7 | 97,3 | 81,1 |
| **Делумно се олеснети** | | | 0,4 | 0,4 | | | 0,4 | 0,4 | | |
| **Значително се олеснети** | | | | | | | | | | |
| **Неприменливо** | | | | | | | | | | |
| ***Вкупно*** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** |
| ***Нето-процент*** | ***2,7*** | ***18,9*** | ***2,3*** | ***18,5*** | ***2,7*** | ***18,9*** | ***2,3*** | ***18,5*** | ***2,7*** | ***18,9*** |
| ***Број на банки коишто одговориле*** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** |

Нето-процентот преставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително се заострени" и „делумно се заострени",
и збирот на процентите „делумно се олеснети" и „значително се олеснети".

[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност може да се најде на следнава врска: Анкета за кредитната активност - временска серија

2. Како влијаеја долунаведените фактори врз условите за кредитирање на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци (се однесува на одговорот на прашањето 1 во колоната „вкупно")? Ве молиме оценете го придонесот за заострувањето или олеснувањето на кредитните стандарди користејќи ја следнава скала:

-- = значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање
- = делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање
0 = придонесуваат за непроменетост на условите за кредитирање
+ = делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
++ = значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање
НП = неприменливо

| | - - | - | o | + | ++ | НП | Нето-процент | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** |
| **А) Трошоци на финансиските средства и ограничувања на билансот на состојба** | | 1,9 | 60,6 | 17,1 | | | | |
| **-Трошоци поврзани со капиталната позиција на Вашата банка** | 17,1 | | 81,7 | 1,2 | | | -16,8 | 15,9 |
| **-Пристап на банката до пазарно финансирање (на пример, на пазарот на пари)** | | 1,2 | 79,4 | 19,4 | | | -28,7 | -18,2 |
| **-Ликвидносната позиција на Вашата банка** | | 18,3 | 60,8 | 19,1 | 1,8 | | -3,0 | -2,6 |
| **Б) Притисок од конкуренција** | | | 29,6 | 32,9 | 17,1 | | | |
| **-Конкуренција од другите банки** | | | 47,6 | 34,7 | 17,7 | | -52,1 | -52,4 |
| **-Конкуренција од небанкарски сектор** | | | 100 | 0,0 | | | -16,6 | 0,0 |
| **-Конкуренција од пазарното финансирање** | | | 68,7 | 31,3 | | | -30,6 | -31,3 |
| **В) Согледување за ризикот** | | 19,0 | 60,6 | | | | | |
| **-Очекувања за вкупната економска активност** | | 4,2 | 77,2 | 18,6 | | | -12,0 | -14,4 |
| **- Очекувања за перспективата на гранката на која ѝ припаѓа претпријатието и на перспективата на поединечните фирми** | | 4,1 | 77,3 | 18,6 | | | 39,1 | -14,5 |
| **-Ризик од неизвршување на обезбедувањето** | 1,8 | 18,8 | 79,4 | | | | 21,2 | 20,6 |
| **Г) Останати фактори, Ве молиме наведете ги** | | | | | | | | |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и „-" (делумно придонесуваат за заострени услови за кредитирање) и збирот на „+" (делумно придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање) и „++" (значително придонесуваат за олеснување на условите за кредитирање).

3. Ве молиме оценете ја важноста на одделните фактори при процената на кредитната способност на претпријатијата.

-- = потполно неважни

- = делумно важни

0 = важни

+ = многу важни

++ = исклучително важни

НП = неприменливо

| | - - | - | o | + | ++ | НП | Нето-процент | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Кв.4 2023 | Кв.1 2024 |
| **Познавање на клиентот преку деловен однос** | | | 0,5 | 33,9 | 65,6 | | 100 | 99,5 |
| **Проценет бонитет на клиентот** | | | 17,3 | 29,5 | 53,2 | | 100 | 82,7 |
| **Лојалност кон банката** | | | 65,6 | 31,6 | 2,8 | | 35,9 | 34,4 |
| **Капиталната моќ на клиентот** | | | 12,4 | 84,2 | 3,4 | | 87,3 | 87,6 |
| **Приходите на клиентот** | | | | 78,5 | 21,5 | | 100 | 100,0 |
| **Квалитетот на инвестицискиот проект** | | | 18,6 | 77,3 | 4,1 | | 100 | 81,4 |
| **Квалитетот на управувањето во претпријатието** | | | 36,2 | 46,3 | 17,5 | | 66,3 | 63,8 |
| **Вредноста на хипотеката** | | | 60,2 | 37,6 | 2,2 | | 39,2 | 39,8 |
| **Приходната/капиталната моќ на гарантите** | | | 78,2 | 18,9 | 2,9 | | 24,6 | 21,8 |
| **Висината на учеството во финансирањето** | | | 61,3 | 37,1 | 1,6 | | 41,9 | 38,7 |
| **Останати фактори, Ве молиме наведете ги** | | | | | | | | |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++"(исклучително важни) и „+"(многу важни) и збирот на „-" (делумно важни) и „--"(потполно неважни).

4. Како се променети условите на Вашата банка, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата во изминатите три месеци? Ве молиме оценете го секој фактор користејќи ја скалата:

-- = значително се заострени
- = делумно се заострени
0 = во основа се непроменети
+ = делумно се олеснети
++ = значително се олеснети
НП = неприменливо

| | -- | - | о | + | ++ | НП | Нето-процент Кв.4 2023 | Нето-процент Кв.1 2024 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **А) Каматна стапка на кредитите** | | 17,5 | 64,2 | 18,3 | | | 45,6 | -0,8 |
| **Б) Останати услови и рокови** | | | 97,1 | | | | | |
| **-Некаматни приходи** | | | 100,0 | | | | 12,0 | 0,0 |
| **-Големина на заемот или на кредитната линија** | | 0,6 | 99,4 | | | | 0,6 | 0,6 |
| **-Барања за обезбедување** | | 2,4 | 97,6 | | | | 2,6 | 2,4 |
| **-Достасување на заемите** | | | | | | | 0,0 | 0,0 |
| **В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги** | | | | | | | | |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „--" (значително се заострени) и „-"(делумно се заострени) и збирот на „+" (делумно се олеснети) и „++" (значително се олеснети).

5. Какво влијание имаа промените во монетарната политика врз Вашата каматна политика (камати на новоодобрените кредити на претпријатијата) во последните три месеци?

| | Вкупно | | Кредити на малите и средните претпријатија | | Кредити на големите претпријатија | | Краткорочни кредити | | Долгорочни кредити | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** |
| **Значително влијаеја** | 2,1 | 1,2 | 2,1 | 1,2 | 2,1 | 1,2 | 2,1 | 1,2 | 18,7 | 1,2 |
| **Делумно влијаеја** | 46,9 | 38,5 | 64,2 | 56,0 | 46,9 | 55,6 | 46,9 | 38,5 | 30,3 | 73,1 |
| **Незначително влијаеја** | 38,3 | 47,9 | 21,0 | 30,4 | 38,3 | 30,8 | 38,3 | 47,9 | 38,3 | 13,3 |
| **Не влијаеја** | 12,7 | 12,4 | 12,7 | 12,4 | 12,7 | 12,4 | 12,7 | 12,4 | 12,7 | 12,4 |
| **Неприменливо** | | | | | | | | | | |
| ***Вкупно*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** | ***100*** |
| ***Нето-процент*** | ***-10,6*** | ***-11,2*** | ***-10,6*** | ***-11,2*** | ***-10,6*** | ***-11,2*** | ***-10,6*** | ***-11,2*** | ***6,0*** | ***-11,2*** |
| ***Број на банки коишто одговориле*** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу процентите „значително влијаеја" и „не влијаеја".

6. Како се промени побарувачката на кредити од страна на претпријатијата во последните три месеци, исклучувајќи ги вообичаените сезонски промени?

| | **Вкупно** | | **Кредити на малите и средните претпријатија** | | **Кредити на големите претпријатија** | | **Краткорочни кредити** | | **Долгорочни кредити** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** |
| **Значително е намалена** | | | | | | | | | | |
| **Делумно е намалена** | 2,1 | 37,3 | 2,1 | 36,6 | 18,4 | 37,3 | 18,4 | 36,6 | 18,4 | 37,3 |
| **Во основа остана непроменета** | 97,5 | 45,6 | 97,0 | 33,0 | 81,2 | 62,7 | 81,2 | 45,9 | 81,6 | 32,7 |
| **Делумно е зголемена** | 0,4 | 17,1 | 0,4 | 30,4 | 0,4 | | 0,4 | 17,5 | | 30,0 |
| **Значително е зголемена** | | | 0,5 | | | | | | | |
| **Неприменливо** | | | | | | | | | | |
| ***Вкупно*** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** | **100** |
| ***Нето-процент*** | ***-1,7*** | ***-20,2*** | ***-1,2*** | ***-6,2*** | ***-18,0*** | ***-37,3*** | ***-18,0*** | ***-19,1*** | ***-18,4*** | ***-7,3*** |
| ***Број на банки коишто одговориле*** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** | **12** |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на процентите „значително е зголемена" и „делумно е зголемена" и збирот на процентите „делумно е намалена" и „значително е намалена".

7. Како влијаеја наведените фактори врз побарувачката на кредити од страна на претпријатијата (се однесува на одговорот на прашањето 6 во колоната „вкупно“)? Ве молиме оценете го секој фактор употребувајќи ја скалата:

-- = значително придонесува за намалување на побарувачката

- = делумно придонесува за намалување на побарувачка

0 = придонесува за непроменетост на побарувачката

+ = делумно придонесува за зголемување на побарувачката

++ = значително придонесува за повисока побарувачка

НП = неприменливо

| | **- -** | **-** | **o** | **+** | **++** | **НП** | **Нето-процент** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | **Кв.4 2023** | **Кв.1 2024** |
| **А) Потреби од финансирање** | | | | | | | | |
| **- Инвестиции во основни средства** | | 18,0 | 62,0 | 19,4 | 0,6 | | -18,7 | 2,0 |
| **-Инвестиции во залихи и обртен капитал** | | 19,8 | 47,1 | 30,7 | 2,4 | | 12,8 | 13,3 |
| **-Преструктурирање на долгот** | | | 98,2 | 1,8 | | | 1,9 | 1,8 |
| **Б) Употреба на алтернативно финансирање** | | | | | | | | |
| **-Интерно финансирање** | | | 100,0 | | | | 12,6 | 0,0 |
| **-Заеми од останати банки** | | 17,1 | 81,1 | 1,8 | | | 31,2 | -15,3 |
| **-Издавање сопствени хартии од вредност** | | | 100,0 | | | | 0,6 | 0,0 |
| **В) Останати фактори, Ве молиме наведете ги** | | | | | | | | |

Нето-процентот претставува разлика помеѓу збирот на „++" (значително придонесува за повисока побарувачка) и „+"(делумно придонесува за повисока побарувачка) и збирот на „-" (делумно придонесува за намалување на побарувачката) и „--" (значително придонесува за намалување на побарувачката).

8. Ве молиме наведете каква промена очекувате кај условите за кредитирање на Вашата банка во следните три месеци, од аспект на одобрувањето кредити на претпријатијата.

| | **Вкупно** | | **Кредити на малите и средните претпријатија** | | **Кредити на големите претпријатија** | | **Краткорочни кредити** | | **Долгорочни кредити** | |
